# МАНКОЗЕБ 80 ВП
# ФОРТУНА

AGRIA SINCE 1932

P273 – Не се дозволува испуштање во животната средина.
P302+P352 – При контакт со кожа, да се измијат рацете со повеќе вода и сапун.
P308+P313 – При јавна и претпоставена изложеност, да се побара лекарски совет/помош.
P391 – Да се соберат остатоците.
P501 – Содржината/Садот да се одложи во согласност со националното законодавство.
EUH401 – За да се спречат ризици по човековото здравје и животната средина, да се следи упатството за употреба.

МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ:
За време на работа забрането е да се пуши, јаде или пие. Да не се чува со храна и напитоци; Пред почетокот и крајот на работата, да се измијат рацете! Да се има во непосредна средина објект за миење на очите. Да не се вдишува правот.

ПРОТИВПОЖАРНИ МЕРКИ: Сув прав, јаглерод диоксид. Во случај на голем пожар, употребете воден млаз, пена. При пожар, димот заедно со другите производи од горењето, содржи токсични гасови – сумпор диоксид, азотни оксиди, јаглероден оксид, водоник сулфид. Неопходни средства за гаснење – Насочен густ воден млаз.

ПРИ ИЗЛЕВАЊЕ НА ПРЕПАРАТОТ: Во случај на излевање, да се применат мерките за заштита на површинските и подземните води, почвата и канализацијата од загадување. Отстранете ги изворите на топлина и пламен. Во случај на испуштање во канализација, површинските и подземните води, почвата, веднаш известете ги надлежните органи. Посипете со инертен маеријал – песок, зеолит. Да се примени вакуумско чистење. Да не се фрла производот и/или материјалите загадени со производот во канализацијата, извори и водни системи. Да се собере и постави во целосно затворен и етикетиран контејнер за отпадоци. Да се премести контејнерот на безбедно место и да се складира за понатамошно третирање или депонирање во согласност со одредбите од националното законодавство.

УНИШТУВАЊЕ НА ПРАЗНИТЕ ПАКУВАЊА И ПРОИЗВОДОТ СО ИСТЕЧЕН РОК;
Да не се користи повторно празната амбалажа; Празните пакувања да се исплакнат трократно со вода, која се излива во резервоарот на прскалката. Да не се фрлаат остатоците од производот или растворот во водотекови. Пред фрлање на определените целни места, амбалажата да се оневозможи за повторна употреба. Производите со истечен рок да се предадат на овластена лабораторија за реанализа за содржина на активни состојки.

ЧУВАЊЕ И ТРАНСПОРТ: Да се чува во оригинални пакувања. Чувањето да се извршува во ладни, суви и добро вентилирани простории, подалеку од извори на палење. Да се преземат мерки за спречување на статички електрицитет. Да не се дозволува распрашување. Да се држи подалеку од дофат на деца. Да нес е чува со лекарски производи, храна, сточна храна, ѓубрива, семиња, опасни заразни средства, радиоактивни и експлозивни средства. Да се следат правилата за транспорт на ПРЗ согласно барањата на Европската спогодба за меѓународен превоз на опасен товар по пат /АДР 2003/.

ВАЖНО!!!
Дадените информации во оваа етикета се сметаат за точни до датумот на неговото издавање и истите се обезбедени совесно, но фирмата производител не снесува одговорност за неговата целосност или точност. Информациите треба да се следат само како упатство, а лицата кои го користат производот треба да направат своја сопствена проценка за неговата погодност за целите пред употреба. Фирмата производител не сносува одговорност за настанати штети од било каква природа како резултат од неправилната употреба, чување, примена, погрешно користење и/или контакт со овој производ.



**1кг ℮**

АКТИВНА СОСТОЈКА: mancozeb - 800 g/kg
ISO Ознака: mankozeb
IUPAC назив: манган-етил-бис-дитиокарбамат соединение со цинкова сол.
ХЕМИСКА ГРУПА на активната состојка: дитиокарбамати.
ФОРМУЛАЦИЈА: навлажлив прашок
ПРОИЗВОДИТЕЛ: АГРИЈА АД, гр. Пловдив, Асеновграско Шосе, тел: 032/273 500
Одобрен за употреба во Р. Северна Македонија со одобрение.
ОВЛАСТЕН ЗА УПОТРЕБА: Во Унгарија со број на овластување за пуштање во промет 04.2/3578-1/2018 со важност до 31 јули 2023 година.
ФУНКЦИЈА НА ПРЕПАРАТОТ: МАНКОЗЕБ 80 WP е фунгицид за борба против причинители на болести кај земјоделски култури. До моментот не се следи резистеност од страна на патогените.

ДОЗВОЛЕНА УПОТРЕБА:

| КУЛТУРА | БОЛЕСТ | ДОЗА | КАРЕНЦА |
|---|---|---|---|
| | | | (број на денови кои треба да поминат од последно третирање до берба) |
| Компир | Phytophthora infestans – причинител на пламеница на компирот | 2.5 kg/ha | 20 дена |

МЕХАНИЗАМ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ: МАНКОЗЕБ 80 WP е контактен фунгицид со превентивно дејство. По примената на производот се формира заштитен слој кај третираните растенија, кој не дозволува настанување на инфекција. Под влијание на водата и сончевата светлина, Манкозеб 80 WP одвојува соединенија, токсични за спорите на габите, ги прекинува животните процеси во патогените клетки и го потиснува формирањето на спори. Употребата на Манкозеб 80 WP ја потткинува фотосинтезата и води до поинтензивна зелена боја кај третираните растенија – “green effect”.
ПОДГОТВУВАЊЕ НА РАСТВОРОТ: Потребното количество од производот се раствора со малку вода до кашеста конзистенција, која се додава во водата во прскалката со непрекинато размешување. Препорачаната потрошувачка на работниот раствор е 300-1000 L/ha. Се применува со конвенционална техника.

МЕШОВИТОСТ: По препорака на фирмата може да се меша со речиси сите аркациди, инсектициди, фунгициди и лисни ѓубрива, без оние со алкална реакција. Со оглед на многуте формулации се препорачува да се направи претходен тест за компатибилност и да се провери чувствителноста на третираните растенија.

ДЕЈСТВО НА ПРОИЗВОДОТ ВРЗ КУЛТУРИТЕ ОД ПЛОДОРЕДОТ/РОТАЦИЈА НА КУЛТУРИТЕ: При користењето на наведените дози нема опасност од фитотоксичност врз третираните или последователните култури во полјоделството. Последователни култури-без ограничувања.

СПЕЦИФИЧНИ УСЛОВИ, ПРИ КОИ ПРОИЗВОДОТ МОЖЕ ИЛИ НЕ ТРЕБА ДА СЕ УПОТРЕБУВА: За подготовка на работниот раствор се користи чиста вода. Третирањето да се извршува на мирно време при температура не повисока од 25-28 oC.

КАРЕНЦА (број на денови кои треба да поминат од последно третирање до берба): 20 дена

КАТЕГОРИЈА НА УПОТРЕБА: III – treat. За слободна употреба од лица над 18 години.

ЕКОТОКСИЧНОСТ: МАНКОЗЕБ 80 WP не е токсичен за пчелите и птиците. Токсичен е за водните организми. Да се запазат водните басени и изворите од загадување со производот. Не се натрупува во почвата, нема опасност од пробивање во подземните води.
Периодот на полураспаѓање во почвата е 6-15 дена.

ТОКСИКОЛОШКИ ИНФОРМАЦИИ:
LD50 орално за стаорци > 5000 mg/kg т.т

ПРВА ПОМОШ И ЛЕКАРСКИ СОВЕТИ:
При голтање – Никогаш не давајте ништо преку уста на човек во бесознание! Веднаш побарајте стручна лекарска помош. Да не се предизвика повраќање. При состојба во која пациентот е во сознание, измијте ја устата со вода и дајте да се напие чаша вода.

При вдишување – Изнесете го настраданото лице на чист воздух. Дадете вештачко дишење, ако дишењето застанало. Веднаш побарајте лекарска помош.

При допир со кожата – Соблечете ја загадената облека и обувки. Измијте ги засегнатите делови со обилно количество на вода. Побарајте лекарска помош, доколку е потребно. Измијте го загаденото работно одело пред повторна употреба.

При допир со очите – Веднаш да се плакнат очите со питка вода најмалку 15 минути. Во случај на носење на контактни леќи, веднаш исплакнете ги очите со повеќе вода 5 минути, по што ќе ги извадите леќите и ќе продолжете со плакнењето 15 минути. Побарајте веднаш стручна лекарска помош.

НАСОКИ ЗА ЛЕКАРОТ: Нема специфичен противлек. Лекувањето е симптоматско.

ПРЕДУПРЕДУВАЊА ЗА ОПАСНОСТ:
H361d – Се претпоставува дека наштетува на плодот

H317 – Може да причини алергиска кожна реакција.

H400 – Многу токсичен за водните организми.

ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗОПАСНОСТ:
P280 – Да се користат заштитни ракавици/заштитна облека/заштитни очила/заштитна маска за лице.
Застапник и дистрибутер :
ДПТУ СЕМЕНАРСТВО-ПРОМЕТ ДООЕЛ
Ул1640 бр.3 Населба Маџари 1040 Скопје
Тел : 02/2 522-615

90
C/PET/ALU/PE

РОК НА ТРАЕЊЕ:
При правилно чување: 3 години

СЕРИЈА бр.
ДАТА НА ПРОИЗВОДСТВО: